# Помош на Платежната Агенција и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за зајакнување на националните капацитети и поедноставување на процедурите за имплементација на мерките од ИПАРД Програмата и поголема искористеност на ЕУ фондовите




На ден 15.02.2016 година во просториите на ЕУ Инфо Центарот се одржа свечено отварање на твининг проектот “Понатамошно зајакнување на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и подготовка за програмскиот период 2014-2020“ финансиран од Европската унија во соработка со Агенцијата за претприемништво на Холандија, Агенцијата за земјоделски регистри и Земјоделскиот истражувачки центар на Естонија, како и Агенцијата за земјоделски пазари и рурален развој на Словенија.

На учесниците им се обратија Директорката на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, г-ѓа Билјана Вуковиќ, Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, г-дин Михаил Цветков, Неговата екселенција г-дин Воутер Пломп, Холандски амбасадор во Република Македонија , г-дин Домен Петелин прв секретар во Амбасадата на Холандија, претставник од Европската делегација како и претставници од останатите земји партнери на проектот.




Проектот вреден 1,5 милиони евра ќе има за цел да допринесе во зајакнување на капацитите на Агенцијата во поглед на поедноставување на процедурите за користење на ИПАРД средствата и националните средства со посебен акцент врз можното намалување на многубројните внатрешни контроли при обработка на апликациите. Во рамките на проектот се предвидува и помош при имплементација на софтверско решение кое ќе овозможи брза, навремена и точна обработка на податоците при одобрување на ИПАРД и националните средства.

Капацитетите на Агенцијата ќе бидат зајакнати и преку пренесување на знаењата и вештините на колегите од земјите членки на ЕУ, соработници во овој проект преку обуки и тренинзи. Се очекува дека поедноставувањето на процедурите и стекнувањето на новите знаења ќе допринесе кон зголемување на степенот на искористеност на средствата и нивната ефикасна употреба со цел зголемување на ефикасноста и продуктивноста на земјодескиот сектор. Индиректна корист од Проектот ќе имаат и самите земјоделци и компаниите од преработувачкиот Сектор, како и Единиците на локална самоуправа како крајни корисници на ЕУ и националните средства, бидејќи ќе се зголеми достапноста до истите, ќе се намали периодот за добивање на средствата и ќе се допринесе до нивниот развој.




Проектот, за време на своето траење ќе допринесе за ре-акредитација на постоечките ИПАРД мерки (мерка 101-Инвестиции во земјоделски стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на европската унија, мерка 103-Инвестиции во преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи за нивно преструктуирање и надградба до стандардите на Европската унија , мерка 302- Диверзификација и развој на рурални економски активности и мерка 501- Техничка помош ) како и поддршка во процесот на акредитација за нови ИПАРД мерки: мерка 201-Агро-еколошка мерка и органско земјоделско производство, мерка 202-Спроведување на стратегии за локален развој - LEADER пристап, мерка 301- Инвестиции во руралната јавна инфраструктура и мерка 304-Советодавни услуги.

-Се надеваме на успешна соработка, размена на искуства и знаења и дека крајните резултати по завршувањето на проектот ќе допринесат за поголема искористеност на ИПАРД средствата, подобра конкурентност на земјоделското производство и земјоделско-прехранбениот сектор на РМ преку нивното усогласување со стандардите на Европската Унија, истакна директорката, г-ѓа Билјана Вуковиќ.